РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **27.06.2022 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 7 – 2022 год.** |

ЈУНИ 2022

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), а во врска со Јавниот повик бр.09/2022 за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година по точка 124 објавен од страна на АФПЗРР, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 22.06.2022 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за давање на согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод“

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Македонски Брод дава согласност за намена на инвестицијата, со цел реализација на проектот „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18–521/3
22.06.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод“

Се објавува Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод“, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.06.2022 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за утврдување на приоритет на проект „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод“

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18–521/4
22.06.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод“

Се објавува Одлука за утврдување на приоритет на проект „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод“, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член      став 1, 2 и 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр.96/18 и Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика „Службен весник на РСМ” бр.96/19, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/03), член 15 став 1 точка 13 и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.05/03), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 22.06.2022 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МЕНАЏЕР И ФОРМИРАЊЕ НА ТИМ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2022 ДО 2024 ГОДИНА

Член 1

Согласно оваа Одлука за Општински енергетски менаџер за Општина Македонски Брод се именува лицето Ирена Мишкоска – Раководител на Одделение за заштита на животната средина.

Член 2

Во тимот за енергетска ефикасност за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за периодот од 2022 до 2024 година се именуваат:

1. Ирена Мишкоска - Одговорно лице (општински енергетски менаџер)
2. Зоран Новески – Раководител на Сектор за урбанизам, комунални дејности, локален економски развој и заштита на животната средина;
3. Југослав Волчески – Раководител на Одделение за правни, општи работи и јавни дејности;
4. Милена Костеска – Раководител на Одделение за локален економски развој;
5. Златко Лазески – Советник, овластен инспектор по патен сообраќај;
6. Милка Стаменкоска – Советник за комунални работи;
7. Вања Димоска – Помлад соработник за заштита и спасување и управување со кризи;
8. Тони Маџоски – Советник за оценување и стручно усовршување и
9. Рате Савев – Претседател на еколошкото друштво „Треска“ Македонски Брод.

Член 3

Општинскиот енергетски менаџер ќе се грижи за целокупниот процес на креирање и спроведување на Програмата за енергетска ефикасност на ниво на општината и ќе го води тимот за енергетска ефикасност.

Член 4

За спроведувањето на активностите од изготвувањето на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за периодот од 2022 до 2024 година, општинскиот енергетски менаџер ќе доставува извештај до Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Член 5

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката Бр.18 - 118/9 од 31.01.2018 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод" бр.1/2018)

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Бр. 18–521/5
22.06.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за именување на Општински енергетски менаџер и формирање на Тим за енергетска ефикасност за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за периодот од 2022 до 2024 година

Се објавува Одлука за именување на Општински енергетски менаџер и формирање на Тим за енергетска ефикасност за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за периодот од 2022 до 2024 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14 ... 198/18, „Службен весник на РСМ“ 143/19, 14/2020), член 21 точка 42 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), по доставено барање од ОЈУДГ „7-ми Септември“ Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на ОЈУДГ „7-ми Септември“ Македонски Брод за 2023 година

Член 1

Советот на Општина Македонски Брод дава согласност на Одлуката на УО на ОЈУДГ „7-ми Септември”, Македонски Брод бр.02-68/3 од 16.06.2022 година за усвојување на Планот за вработување на ОЈУДГ „7-ми Септември”, Македонски Брод бр. 04-67/1 од 15.06.2022 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18-521/6
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ОЈУДГ „7-ми Септември“ Македонски Брод

Се објавува Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на ОЈУДГ „7-ми Септември“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14 ... 198/18, „Службен весник на РСМ“ 143/19, 14/2020), член 21 точка 42 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 - пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 11 - тата седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

Член 1

Се дава согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски”, Македонски Брод, со арх.бр.03-308/1 од 16.06.2022 година, донесен од Директорот на СОУ „Св.Наум Охридски” Македонски Брод и Одлука бр.02-307/1 од 16.06.2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18-521/7
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

Се објавува Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување за 2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр.78/15, 106/15 ... 122/21) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 14/17), по доставено барање од АФПЗРР бр.18-546/1 од 21.06.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.06.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за давање на недвижна ствар - канцеларија на времено користење без надоместок за отворање на канцеларија за потребите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

### Член 1

Со оваа Одлука се дава на времено користење недвижна ствар – канцеларија бр.3, сопственост на Општина Македонски Брод, која се наоѓа во општинската зграда, лоцирана на ул.„7-ми Септември” бр.4 на КП бр.4125, запишана во ИЛ бр.2588, КО Македонски Брод, на кат-приземје со внатрешна површина од 14 $м^2$, за отворање на канцеларија за потребите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

### Член 2

Наведената недвижна ствар од член 1 на оваа Одлука се дава на времено користење од 8 години на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Македонски Брод. Користењето на недвижниот имот ќе биде без надомест.

### Член 3

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се обврзува канцеларијата да ја користи за намената за која е дадена, во насока на унапредување на земјоделството и руралниот развој во Република Северна Македонија.

### Член 4

Сите трошоци за одржувањето и користењето на недвижната ствар – канцеларија, опишана во член 1 на оваа Одлука, ќе ги сноси Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да склучи договор со корисникот на просторот, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на недвижната ствар опишана во член 1 на оваа Одлука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18-521/8
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на недвижна ствар - канцеларија на времено користење без надоместок за отворање на канцеларија за потребите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Се објавува Одлука за давање на недвижна ствар - канцеларија на времено користење без надоместок за отворање на канцеларија за потребите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03......4/17), а во врска со Одлуката за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.3/2022) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници, Советот на Општина Македонски Брод на 11 -та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање согласност за склучување на спогодба во врска
со предмет бр. 08 - 461/1 од 20.05.2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со предмет бр. 08 - 461/1 од 20.05.2022 година.

ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

*СПОГОДБА*
*за надомест на штета*

*Склучена на ден ___.___.2022 год. помеѓу:*

1. *Мирко Конески, од с.Слатина, Македонски Брод, со ЕМБГ 3006976444026, во понатамошниот текст прва спогодбена страна, како законски застапник на Мартина Конеска со ЕМБГ 0703017445007*
2. *Општина Македонски Брод, со ЕМБС 6057608 и ЕДБ 4018004103727 со седиште на ул.7-ми Септември бр.4, Македонски Брод, застапувана од Градоначалникот м-р Жарко Ристески, во понатамошниот текст втора спогодбена страна.*

*Член 1*

*Предмет на спогодбата е надомест на материјална и нематеријална штета на Мартина Конеска, од с.Слатина, Македонски Брод.*

*Штетата е настаната како последица на напад од куче скитник, кое што му предизвикало страв и душевни болки, за кој што настан има комплетна документација.*

*Член 2*

*Двете страни на оваа спогодба се договорија да втората спогодбена страна, се обврзува на првата спогодбена страна и исплати надомест на материјална и нематеријална штета во вкупен износ од 15.000,00 денари.*

*Член 3*

*Првата спогодбена страна со потпишување на оваа спогодба се откажува од правото да поведе судска постапка за предметот на оваа спогодба.*

*Член 4*

*Во случај на спор надлежен е Основниот Суд во Кичево.*

*Член 5*

*За се што не е пропишано во оваа спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи.*

*Член 6*

*Спогодбата е склучена во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја страна.*

*Член 7*

*Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.*

*Прва спогодбена страна*
*Мирко Конески*
___________________

*Втора спогодбена страна,*
*Градоначалник,*
*М-р Жарко Ристески*
_______________________

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитираната спогодба, по предметот бр. 08 - 461/1 од 20.05.2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/9
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр. 08-461/1 од 20.05.2022 година

Се објавува Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр. 08-461/1 од 20.05.2022 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/20), Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на полуматурска вечер на полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.06.2022 година на барање од ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод донесе Решение за одобрување на финансиски средства за организирање на полуматурска вечер за исплата на музичката група за полуматурантите - генерација 2021/22 година.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 521/ 10
22.06.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на полуматурска вечер на полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на полуматурска вечер на полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 - пречистентекст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/21 и Правилникот за утврдување на критериуми за доделување на парична помош за утврдени категории на лица донесен од страна на Совет на Општина Македонски Брод по доставени барања од физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

1.Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.06.2022 година донесе Решение за одобрување на финансиски средства за организирање на превоз по повод Матурска вечер со посета на околните места Бар, Котор, Тиват и Херцег Нови во Р.Црна Гора за матурантите 2021/22 година.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година. Средствата ќе се исплатат согласно доставената фактура од превозникот.

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението со Бр.18 - 288/24 од 31.03.2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.3/2022).

4.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

5.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/ 11
22.06.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесе

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03.....4/17), а во врска со Иницијатива бр.18-488/3 од 02.06.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

по иницијатива за изградба на велосипедска патека

1. Иницијативата од Марјан Ѓурчески, советник во Советот на Општина Македонски Брод, бр.18-488/3 од 02.06.2022 година, за изградба на велосипедска патека по должина на едната страна на улиците „Илија Игески-Цветан“, „Партизанска“ и „Маршал Тито“, се до с.Сувидол - Македонски Брод, се разгледа.

2. Иницијативата се препраќа до Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина и се задолжува, истите, во рамките на програмите да се изнајде начин за нејзино вклопување и реализирање.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/12
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесе

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок по иницијатива за изградба на велосипедска патека

Се објавува Заклучок по иницијатива за изградба на велосипедска патека, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03.......... 4/17), а во врска со поднесени барања од правни и физички лица, Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина

1. Барањето од месна заедница од с.Томино село - Македонски Брод, бр.18-458/1 од 20.05.2022 година, за реконструкција на базент за вода, се разгледа.

1.2. Барањето од месна заедница од с.Могилец - Македонски Брод, бр.18-418/1 од 04.05.2022 година, за реконструкција на водоводна мрежа, се разгледа.

1.3. Барањето од месна заедница од с.Латово - Македонски Брод, бр.18-443/1 од 13.05.2022 година, за тампонирање на улици во село Латово, се разгледа.

1.4. Барањето од месна заедница од с.Требовље - Македонски Брод, бр.18-420/1 од 04.05.2022 година, за отстранување на одрони на локалниот пат којшто го поврзува Дреновец со с.Требовље, се разгледа.

1.5. Барањето од месна заедница од с.Косово - Македонски Брод, бр.18-419/1 од 04.05.2022 година, за чистење на каналите покрај локалниот пат до село Косово, се разгледа.

1.6. Барањето од месна заедница од с.Латово - Македонски Брод, бр.18-443/1 од 13.05.2022 година, за изработка на проект за реконструкција на локалниот пат за с.Латово, се разгледа.

2. Горенаведените барања се препраќаат до Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина и се задолжува, истите, во рамките на програмите да се изнајде начин за нивно вклопување и реализирање.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/13
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесе

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина

Се објавува Заклучок за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03.........4/17), а во врска со Барањето од Дојо Атанасоски од с.Брест, Македонски Брод со бр. 18-354/1 од 12.04.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 11 -та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
по барање од Дојо Атанасоски

1. Барањето од Дојо Атанасоски од с.Брест, Македонски Брод, бр.18-354/1 од 12.04.2022 година, за ослободување од надоместок за улично осветлување, се одбива од причина што согласно Законот за комунални такси, можат да бидат ослободени од такса за улично осветлување само населените места каде нема систем за улично осветлување.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/14
22.06.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесе

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок по барање од Дојо Атанасоски

Се објавува Заклучок по барање од Дојо Атанасоски, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03.......4/17), а во врска со Барањето од Стојмирка Новеска од Македонски Брод со бр.18-506/1 од 08.06.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

по барање од Стојмирка Новеска

1. Барањето од Стојмирка Новеска од Македонски Брод, бр.18-506/1 од 08.06.2022 година, за ослободување од надоместок за користење на комунална услуга за стар објект, се разгледа.
2. Се упатува Барателот да се обрати до ЈКП „Комунална хигиена“, Македонски Брод од причина што согласно Законот за јавните претпријатија нивна е надлежност по ова барање.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/15
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесе

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок по барање од Стојмирка Новеска

Се објавува Заклучок по барање од Стојмирка Новеска, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03........4/17), а во врска со Иницијатива бр.18-488/2 од 02.06.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

по иницијатива за ослободување од плаќање на надоместок
за престој во детска градинка

1. Иницијативата од Марјан Ѓурчески, советник во Советот на Општина Македонски Брод, бр.18-488/2 од 02.06.2022 година, за ослободување од плаќање на надоместок за престој во градинка при ОЈУДГ „7-ми Септември” - Македонски Брод за деца чии родители имаат месечни примања пониски од 20.000,00 денари, се разгледа.

2. Иницијативата се препраќа до ОЈУДГ „7-ми Септември” - Македонски Брод и се задолжува да изготват анализа на можноста за реализација на горенаведената иницијатива и за истото да го известат Советот.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/16
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесе

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок по иницијатива за ослободување од плаќање на надоместок за престој во детска градинка

Се објавува Заклучок по иницијатива за ослободување од плаќање на надоместок за престој во детска градинка, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03..........4/17), а во врска со Иницијатива бр.18-488/1 од 02.06.2022 година, Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

по иницијатива за набавка на машина за изработка на бекатон плочки

1. Иницијативата од Марјан Ѓурчески, советник во Советот на Општина Македонски Брод, бр.18-488/1 од 02.06.2022 година, за набавка на машина за изработка на бекатон плочки од страна на ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод за изработка на соодветен градежен материјал за поплочување на јавни површини.

2. Иницијативата се препраќа до ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод и се задолжува да изготват анализа на можноста за реализација на горенаведената иницијатива и за истото да го известат Советот.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/17
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок по иницијатива за набавка на машина за изработка на бекатон плочки

Се објавува Заклучок по иницијатива за набавка на машина за изработка на бекатон плочки, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03.......4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за анализа за постојни задолжувања за услуги во ЈКП „Комунална хигиена“

1. Се задолжува ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод да изготви анализа на постојните задолженија за услугите што ги испорачуваат до крајните корисници во насока на усогласување со бројот на корисници на услуги од ЈП „Водовод и канализација“ - Македонски Брод, и за истото да го известат Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/18
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за анализа за постојни задолжувања за услуги во ЈКП „Комунална хигиена“

Се објавува Заклучок за анализа за постојни задолжувања за услуги во ЈКП „Комунална хигиена“, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03.....4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за задолжување на ЈП „Водовод и канализација“ и ЈКП „Комунална хигиена“ за изготвување на финансиски извештај

1. Се задолжуваат ЈКП „Комунална хигиена“ - Македонски Брод и ЈП „Водовод и канализација“ - Македонски Брод да изготват финансиски извештај за досегашното работење и предлог план за надминување на финансиските потешкотии со кои се соочуваат, и за истото да го известат Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/20
22.06.2022 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучок за задолжување на ЈП „Водовод и канализација“ и ЈКП „Комунална хигиена“ за изготвување на финансиски извештај

Се објавува Заклучок за задолжување на ЈП „Водовод и канализација“ и ЈКП „Комунална хигиена“ за изготвување на финансиски извештај, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ... 4/17 пречистен текст), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/21), Советот на Општина Македонски Брод на 21 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како подршка на манифестација „Потписи на срцето“

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 22.06.2022 година, донесе Решение за одобрување на финансиски средства за организирање на манифестација „Потписи на срцето“ во износ не поголем од 6000,00 мкд.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2022 година.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18 - 521/ 21
22.06.2022 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесе

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како подршка на манифестација „Потписи на срцето“

Се објавува Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како подршка на манифестација „Потписи на срцето“, што Советот на Општина Македонски Брод го донесе на 11 - та седница одржана на ден 22.06.2022 година.

Бр. 08 - 521/22
27.06.2022 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
М-р Жарко Ристески с.р.

**Службен гласник број 7 од 27.06.2022 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица", Општина Македонски Брод ........................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност за намена на инвестицијата за реализација на проектот „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица", Општина Македонски Брод .......................... стр. 3

Одлука за утврдување на приоритет на проект „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод" ........................................................................................................................................ стр. 4

Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект „Тампонирање на постоен некатегоризиран пристапен пат до земјиште, КО Локвица, Општина Македонски Брод" .................................................................................... стр. 5

Одлука за именување на Општински енергетски менаџер и формирање на Тим за енергетска ефикасност за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за период од 2022 до 2024 година ........................................................ стр. 6

Заклучок за објавување на Одлука за именување на Општински енергетски менаџер и формирање на Тим за енергетска ефикасност за изработка на Програма за енергетска ефикасност на Општина Македонски Брод за период од 2022 до 2024 година ................ стр. 8

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на ОЈУДГ „7-ми Септември" Македонски Брод за 2023 година ................ стр. 9

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО за усвојување на План за вработување на ОЈУДГ „7-ми Септември" Македонски Брод за 2023 година ............................................................................................................................ стр. 10

Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски" Македонски Брод ................................................................. стр. 11

Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на СОУ „Св.Наум Охридски" Македонски Брод .............. стр. 12

Одлука за давање на недвижна ствар - канцеларија на времено користење без надоместок за отворање на канцеларија за потребите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој .......................................................... стр. 13

Заклучок за објавување на Одлука за давање на недвижна ствар - канцеларија на времено користење без надоместок за отворање на канцеларија за потребите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој .................................. стр. 15

Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр. 08 - 461/1 од 20.05.2022 година ........................................................................................ стр. 16

Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр. 08 - 461/1 од 20.05.2022 година ................................................ стр. 18

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на полуматурска вечер на полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод ............................................................................................ стр. 19

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод за организирање на полуматурска вечер на полуматуранти од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод ........................................................ стр. 20

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод ............................................................................................ стр. 21

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од матурантите од СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод ................................................................ стр. 22

Заклучок по иницијатива за изградба на велосипедска патека ........................... стр. 23

Заклучок за објавување на Заклучок по иницијатива за изградба на велосипедска патека ........................................................................................................................ стр. 24

Заклучок за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина ...................................................................... стр. 25

Заклучок за објавување на Заклучок за препраќање на барања од м.з. до Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина ........................... стр. 26

Заклучок по барање од Дојо Атанасоски ............................................................ стр. 27

Заклучок за објавување на Заклучок по барање од Дојо Атанасоски ................. стр. 28

Заклучок по барање од Стојмирка Новеска ......................................................... стр. 29

Заклучок за објавување на Заклучок по барање од Стојмирка Новеска ............. стр. 30

Заклучок по иницијатива за ослободување од плаќање на надоместок за престој во детска градинка .............................................................................................. стр. 31

Заклучок за објавување на Заклучок по иницијатива за ослободување од плаќање на надоместок за престој во детска градинка ...................................................................... стр. 32

Заклучок по иницијатива за набавка на машина за изработка на бекатон плочки ............................................................................................................................ стр. 33

Заклучок за објавување на Заклучок по иницијатив за набавка на машина за изработка на бекатон плочки ........................................................................................ стр. 34

Заклучок за анализа за постојни задолжувања за услуги во ЈКП „Комунална хигиена“ ........................................................................................................................ стр. 35

Заклучок за објавување на Заклучок за анализа за постојни задолжувања за услуги во ЈКП „Комунална хигиена“ ........................................................................................ стр. 36

Заклучок за задолжување на ЈП „Водовод и канализација“ и ЈКП „Комунална хигиена“ за изготвување на финансиски извештај ........................................................ стр. 37

Заклучок за објавување на Заклучок за задолжување на ЈП „Водовод и канализација“ и ЈКП „Комунална хигиена“ за изготвување на финансиски извештај .......................... стр. 38

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како подршка на манифестација „Потписи на срцето“............................................................ стр. 39

Заклучок за објавување на Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како подршка на манифестација „Потписи на срцето“ ..... стр. 40